# Програма за е-учење

UCC
SIMPLICITY SERVICE SPEED
A MODERN FRAMEWORK FOR CUSTOMS AND TRADE

# Царински долг

## Поенти на курсот

Ова е кратко и практично резиме за најважните информации од курсот.

## 1 Учебни цели

На крајот од 75 минутниот курс, ќе научите:
- што е царински долг и кога тој настанува;
- кој може да биде должник;
- каде настанува царинскиот долг;
- како се утврдува царинскиот долг;
- процесот на наплата на долгот и подмирување на долгот;
- влијанието на контролата по пуштањето на царинскиот долг.

## 2 Кога може да настане царински долг?

### 2.1 Преку усогласеност

- Царински долг може да настане кога економски оператор увезува странска стока и ја става во постапка на **пуштање во слободен промет** или **постапка на привремен увоз**.
- Исклучителен царински долг при увоз може да настане со декларација за повторен извоз.
- Царинскиот долг настанува во времето на прифаќање на царинската декларација.

### 2.2 Поради неусогласеност

- Царински долг, исто настанува и преку неусогласеност кога
    - економскиот оператор **не ги почитува обврските** од царинската постапка;
    - економскиот оператор **не ги исполнува условите** за ставање на стоката во царинска постапка;

## 3 Кој е должник?

- Кога неколку лица се одговорни за плаќање на давачките, тие се **заеднички и поединечно одговорни** за плаќање на тие давачки.

### 3.1 Преку усогласеност

- Декларантот е должникот:
    - Ако **увозникот поднесе царинска декларација** за себе, тој е исто така, должник.

- Доколку царинската декларација е поднесена од директен застапник во име и за сметка на увозникот, **увозникот е декларант и должник**.
- Во случај кога царинската декларација е поднесена од индиректен застапник во негово име но за сметка на увозникот, **индиректниот застапник** и увозникот, обојцата, се одговорни и се должници.

- Дополнително, **секое лице кое обезбедува информации** потребни за изготвување на декларацијата и разумно требало да знае дека информациите биле лажни, исто ќе биде должник.

## 3.2 Поради неусогласеност

- Во случај на неусогласеност со обврските од царинската постапка, должник (должници) е (се):
  - лицето кое треба **да ги исполни обврските**,
  - лицето кое **настапува за сметка на лицето** кое треба да ги исполни обврските,
  - лицето **кое ја поседува стоката**.
- Во случај на неусогласеност со условите за ставање на стоката во царинска постапка, должник (должници) е (се):
  - лицето кое треба **да ги исполни условите**,
  - лицето кое **обезбедува информации** за царинската декларација.

# 4 Каде настанува царинскиот долг?

## 4.1 Преку усогласеност

- Царинскиот долг настанува во местото **каде е поднесена царинската декларација**.

## 4.2 Поради неусогласеност

- Прво, царинскиот долг настанал **кога** се случил **настанот** од кој произлегува **долгот**.
  *На пример: лицето е фатено кога отстранува стока од царински надзор без одобрение.*
- Ако не е можно да се одреди тоа место, царинскиот долг ќе настане во местото **каде** царинските органи ќе **заклучат** дека **стоките** се **во ситуација** во која настанал царински долг.
  *На пример: стоките се најдени на пазарот за продажба без да бидат пуштени во слободен промет.*
- Во случај стоките да биле ставени во царинска постапка која **не** била **раздолжена** или кога привременото сместување **не било правилно завршено**, и горенаведените ставови не можат да се применат, царинскиот долг настанува **таму кадешто стоката била декларирана или била привремено сместена**.
  *На пример: стоки во транзит никогаш не пристигнале на одредиштето и царинскиот орган не може да утврди кога се случила неправилноста.*

- Доколку царинскиот орган може да утврди дека царинскиот долг може да настанал на **повеќе места**, се смета дека царинскиот долг настанал во местото **во кое првпат настанал**.
  *На пример: одредишната царинска испостава утврди дека во секоја земја од транзитната рута, делови од стоките биле отстранувани.*
- Меѓутоа, доколку доспеаниот износ е**помал од €10,000,-**, се смета дека царинскиот долг настанал во земјата **каде тоа е откриено**.
  *На пример: одредишната царинска испостава утврдува дека износот на царинскиот долг кој се однесува на повлечената стока е помал од* €10,000,-.

# 5 Како се утврдува царинскиот долг?

- За утврдување на царинскиот долг, царинскиот службеник ја применува соодветната тарифа на царинската вредност на стоките.
- За да ја знае вистинската тарифа, царинскиот службеник го консултира ТАРИК и треба да знае:
  - ознака на Комбинираната номенклатура (КН) која ја идентификува стоката,
  - потекло на стоката
- Економскиот оператор може исто така да го пресмета доспеаниот долг и да го стави износот во неговата царинска декларација.
- Практичните постапки за внесување во сметките на доспеаните износи се одредени од секоја земја, меѓутоа, времето на внесување во сметките е пропишано во ЦЗУ.
- Царинскиот орган го известува должникот за износот на давачки што треба да се плати. Меѓутоа, во некои случаи, тоа не е потребно.

# 6 Враќање на царинскиот долг

## 6.1 Плаќање/Враќање/Простување

- Процесот на плаќање на царинскиот долг започнува кога царинскиот долг бил внесен во сметката и е известен должникот (должниците).
- Како општо правило, **плаќањето треба да се изврши во рок од 10 дена по известувањето**.
- Има две други важни постапки кои се вклучени во фазата на плаќање:
  - **Враќање**: кога се враќа износ на увозни давачки кои биле платени.
  - **Простување**: кога се откажува обврската да се плати износ на давачки, кои сеуште не се платени.
- Износот на давачки се **враќа или простува** на следниве основи:
  - **повеќе платен** износ на увозни давачки,
  - **неисправна стока** или стока која не е во согласност со условите од договорот,
  - **грешка** од надлежните органи,
  - **правичност** за обезбедување дека сите економски оператори се третираат фер и еднакво.

### 6.2 Подмирување

- **Кога царинскиот долг бил платен се смета дека згаснал.**
- Царинскиот долг може исто да згасне, на пример:
  - **кога** царинскиот долг **престанал да постои;**
  - **кога** царинскиот долг бил **наметнат** и потоа бил вратен или простен;
  - **кога** должникот **не може да биде известен во рок од 3 години.**

## 7 Контрола по пуштање

- Царинските службеници можат да се вратат **назад 3 години во податоците** за да проверат дали царинскиот долг бил одреден во соодветниот износ и дали можеби има друг царински долг кој се однесува на постапките на економскиот оператор кој сè уште не бил одреден.
- Контролата по пуштањето вклучува:
  - Царинските органи може да ја **потврдат точноста и комплетноста** на информациите во различни системи за целите на царински контроли.
  - Органите може да ја **прегледаат стоката** и/или да земат мостри.
  - **Контролите** може да се спроведат **во просториите на имателот на стоката**.

*Запомнете, ова се кратки заклучоци за најважните информации од курсот.*
*Само законодавството на Европската Унија објавено во хартиена верзија во Службен весник на Европската Унија се смета автентично. Европската Комисија не прифаќа никаква одговорност или*